**П Р О Г Р А М А**

**За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2025 година**

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2024 ГОДИНА**

Врз основа на Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) , Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр.6/23) и член 14 став (1) точка 13 од Статутот на Општина Крива Паланка, (Службен гласник на Општина Крива Паланка, бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2024 год, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2025 година

### Вовед

Со оваа Програма се предвидуваат активностите за наредната година кои ќе бидат преземени од страна на општина Крива Паланка и ЈП Комуналец во насока на изградба, доизградба, реконструкција и одржување на водоводната и канализациоана мрежа, како и осовременување на начинот на мерењето, мониторингот и наплата на услугите од страна на ЈП комуналец како надлежен субјект за стопанисување и управување со мрежата.

Проектирањето, изградбата и одржување на хидротехнички објекти е во согласност и со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење и др. материјални закони кои ја третираат оваа област.

Врз основа на горенаведените закони, како и Законот за комунални дејности (Сл. весник на РМ бр.95/2012) општина Крива Паланка има донесено Одлука за комунален ред и нејзино спроведување на подрачјето на општина Крива Паланка (Сл.гласник бр.8/2013) со што уште подетално се уредени начинот на организирање и вршење на комуналните дејности како и мерките за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на општината, а кои се однесуваат на водоснабдување и одведување на отпадни води.

Водите, како добра од општ интерес, се во сопственост на Република Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определени со закон.

Води се површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите, изворите и подземните води; Површински води се сите проточни и непроточни води на површината на земјата; Подземни води се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите;

Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Користење на водите ги опфаќа активностите на акумулирање, зафаќање, црпење, пренасочување на површинските и на подземните води, како и активностите на одведување и испуштање, како и другите дејства врз водите. Користењето на водата е во обем, под услови и на начин определени со закон, како и во согласност со актите донесени врз основа на закон.

Акумулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејства врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со нзакон. Забрането е секакво испуштање на отпадни води, материи и супстанции во водите освен под услови, на начин и во постапка определени со закон.

Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правата и обврските на правните и на физичките лица да користат или испуштаат води, правото на користење на водите од водните тела и правото на испуштање во водните тела, се доделува водно право на правните и на физичките лица под услови и на начин утврдени со закон. Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата и дозвола за испуштање во вода.

Водостопански услуги се сите услуги со коишто се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, третман и дистрибуција на површинските или на подземните води, или собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води;

Урбана отпадна вода е отпадната вода од домаќинствата или мешавина од отпадната вода од домаќинствата и индустриската отпадна вода и/или водата од врнежи;

Река е внатрешно водно тело коешто постојано или повремено тече по површината на земјата, но коешто може во дел од својот тек да тече и под земја;

Реципиент е водно тело, крајбрежно земјиште и водни живеалишта кои ги примаат испуштените води согласно со членот 79 од овој закон, како и канализационите системи и системите за одводнување во кои се испуштаат води, доколку истите не се вклучени во заеднички систем за одведување и за третман на отпадни води.

## 1. Локална водоводна мрежа

### 1.1 Вовед

Како што беше погоре споменато, водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг на здрава и квалитетна вода за пиење, а последиците од климатските промени во иднина ќе бидат се поизразени.

Поради специфичната конфигурација на земјиштето и теренот на кој се простира Крива Паланка, водоснабдувањето во градот и околните населби во изминатитот период се решавал парцијално. Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. Треба да се има во предвид дека во тој период како материјал за изградба на цевководите воглавном биле користени азбестно-цементни цевки, поретко керамички или челични, кај кои имајќи го во предвид долгиот временски период на експлоатација и векот на траење, константно се јавуваат оштетувања во мрежата кои предизвикуваат се почести проблеми и дефекти во водоводната мрежа. Од тие причини, во изминатиов период поголем дел од примарната водоводна мрежа во градот беше реконструирана и донекаде овој проблем беше ублажен, но сепак во останатиот дел од примарната и во најголем дел од секундарната мрежа соочени сме со појава на загуби во мрежата и проблеми со квалитетот и квантитетот на испорака на водата за пиење до домаќинствата во тие делови од градот.

За надминување на оваа состојба Општината Крива Паланка и јавното комунално претпријатие “Комуналец“ во минатото презесмале повеќе мерки за делумна реконструкција на цевководите, доградба на системот и изградба на нови објекти за водоснабдување (бунари).

Постоечката локална водоводна мрежа се градела преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, државни институции, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, каде Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;

Покрај дотогаш изградената мрежа за водоснабдување која беше во ф-ја, во изминатите неколку години преку проектот на Владата и Министерството за транспорт и врски за „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ се реализираа неколку значајни проекти за долготрајно решавање на проблемот со водоснабдување.

- Беше ставен во ф-ја водоснабдителниот систем Станачка река , односно се реконструира зафатот на Станачка Река, доводот и се изврши доопремување и поврзување на Филтер станицата.
- Се направи издвојување на високата зона на десниот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона со резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.
- Се направи издвојување на високата зона на левиот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и резервоар за обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата.
- Се изврши реконструкција на дел од мрежата во урбаното подрачје со замена на азбестно-цементните цевки со полиетиленски.
- Се изврши замена и инсталација на мерни инструменти и нивна интеграција во мобилна мрежа за далечинско отчитување комплет со надоградба, инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во општина Крива Паланка.

Со тоа беа комплетно искористени средствата наменети за општина Крива Паланка во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден).

Посебен проблем представува водоснабдувањето на некои приградски населби и селата каде се изградени помали водоводи кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени претежно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Дел од ваквите водоводи не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и Општината и ЈП ,,Комуналец“ имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.

Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, ра истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004 и измените), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008 и измените), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие.

Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Ваквите активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал дел реализирани и со Програмите за поранешните години.

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници. Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно руiнирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

### 1.2 Техничка документација за водоснабдување

**Наредната 2025 година се планира:**

- Докомплетирање на техничка документација за Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен (инфраструктурниот и основниот проект ќе бидат комплетирани во текот на 2024 година, а следната година ќе се работи на геодетски елаборати и постапка за експропријација)
- Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец. (постапката за одобрување на инфраструктурниот проект се води преку Министерство за транспорт и врски поради тоа што изворите се на територија на општина Кратово)
- Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи со кои располага општината, а кои би можеле да бидат финансирани преку министерства, агенции и др.институции.
- Изработка на техничка документација за доизградба и реконструкција на водоводна мрежа на одредени локалитети од урбаниот дел на општината.

### 1.3 Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителни системи

#### 1.3.1 Проекти наменети за реализација преку грант од Владата на РСМ

Како што беше погоре споменато преку Владата на РСМ и Министерството за животна средина и просторно планирање, и беа доделени на општината 964.297,оо евра како грант, а кои ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на восдоснабдителни и канализациони системи. Според искуството од користењето на средствата од поранешниот проект на Владата на РМ и ЕИБ ,,Водоснабдување и одведување на отпадни води**“**, оваа програма ќе трае и во наредните години се до искористување на средствата доделени на општината.

Ова е долгорочен грант кој ќе треба да се реализира во наредните неколку години. За таа цел доставени и одобрени се од МЖСП следниве проекти, за кои веќе се подготвува тендерската документација за распишување на јавна набавка.

- **Изградба и реконструкција на водоводен систем во с. Конопница ( Вирови-Грамаѓе )** (должина од околу 9 км и според податоци од предмер-пресметката од основниот проект вредноста е околу 230.000,о евра без ддв)
- **Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка (книга 1 и книга 2)**

**Книга 1 Реконструкција на градска водоводна мрежа во Крива Паланка**

**Книга 2 Доградба на водоводната мрежа за село Конопница и село Градец**

Според предмер -пресметка од основен проект вредноста е околу 500.000 евра без ддв.

#### 1.3.2 Активности на водоснабдителни мрежи предвидени за реализација преку други извори на средства, како и од Буџетот на општината и ЈП Комуналец

Доколку се надминат одредени проблеми со имотно-правните работи и се обезбеди т.н. водно право според претходно изготвена техничка документација се планира и

- Изградба на водоводен систем за водоснабдување на локалитет Школо -Црква во с. Градец.
- Санација на порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдуваат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување, како и помош при санација на дел од селски водоводи кои не се преземени и со кои се уште управуваат месни заедници и режиски одбори, а во соработка со истите и со месното население.
- Ре-ја на извори и дел од цевководи во с. Конопница и на систем Калин Камен
- Санација и замена на делови од примарни водоводни линиии на различни локалитети во урбаниот дел според потреба и проценка на стручните служби на општината и ЈП Комуналец, а кои се поврзани со

реализацијата на Развојната програма за улици и патишта, каде е потребно паралено со изведба на градежните работи за р-ја и рехабилитација на улиците да се врши и замена, обнова или поставување на нова водоводна мрежа)

### 1.4 Приходи и расходи

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ преку МЖСПП -грант**<br>*напомена: овие средства се за наредната година како грант и веројатно нема да одат/ проаѓаат преку буџетот на општината бидејки целокупната постапка за избор на изведувач, договори, исплата и др. оди преку МЖСПП | **45.000.000 ден** |
| **2. Други извори на средства од државни институции** | **6.000.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **2.000.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **1.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 54.000.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ преку МЖСПП -грант**<br>-Водовод во с. Конопница (Вирови-Грамаѓе)<br>-Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка | Очекувани средства<br>4**5.000.000 ден** |
| **2. Реализација на проекти за кои би биле обезбедени средства од други министерства, институции, агенции**<br><br>-Изградба на водоводен систем за водоснабдување на локалитет Школо -Црква во с. Градец. | 5**.500.000 ден** |
| **3.Реконструкција и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **1.000.000 ден.** |
| **4. Изработка и доработка на техничка документација за водоводи** | **1.000.000 ден.** |
| **5. Експропријација** | **1.500.000 ден.** |

**ВКУПНО 54.000.000 ден.**

## 2. Локална канализациона мрежа

### 2.1 Вовед

Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област.

Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. Општината од неодамна има изработено Основен проект за продолжување на лев колектор и спојување на лев со десен колектор до Пречистителна станица. Во натамошниот период треба да се спроведе експропријација и да се направи проект за соодветна пречистителна станица, како и да се обезбеди другата потребна документација во смисла на дозволи, одобренија и сл.

Во минатото, како и кај водоснабдителните системи треба да се напомене дека надвор од градското подрачје се изградени само неколку парцијални канализациони водови во некои приградски населби и села со помало или поголемо учество на месното население за ограничен дел од население. Дел од нив се преземени и со нив стопанисува и ги одржува ЈП Комуналец , но поголем дел се уште се непредадени и има проблеми при нивното функционирање.

### 2.2 Техничка документација за канализациони мрежи

Со средства кои се обезбедени по претходно одобрена апликација од Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се работи на:

- Докомплетирање на документација за продолжеток на лев фекален колектор и изградба на пречистителна станица за предтретман на отпадни води (должина на колектор од околу 10 км и пречистителна станица за околу 20.000 жители) со средства кои се обезбедени преку МЖСПП во износ од 4 мил. ден. и кофинансирање од 1.5 мил од Општината.

**Исто така планирано е наредната година да се работи и на:**

- Техничка документација за канализациона мрежа за делови од локалитет Калин Камен
- Техничка документација за канализациона мрежа- нас. Грамаѓе
- Техничка документација за канализациона мрежа за локалитет кај мотел Македонија
- Докомплетирање на друга од порано изработена техничка документација за канализациони мрежи доколку се појави можност за аплицирање за средства за реализација.

### 2.3 Изградба, доградба и реконструкција на канализациони системи

- Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост (преку средства обезбедени од грант од МЖС) должина од околу 6-7км и вредност околу 15 мил.денари.
- Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница (Трнци, Деловотци) за кои средства од 5 мил. ден. се обезбедени од МЖСПП и кофинансирање од 2.5 мил од општината.
- Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно)

- Реконструкција, доизградба или санација на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба.

**Напомена: Реализацијата на Програмата во многу ќе зависи од евентуален прилив на средства по однос на апликации од домашни и меѓународни институции, а посебно од висината на средствата и динамиката на користење од обезбедениот грант преку Владата на РСМ и МЖСПП**

.

## 2.4 Приходи и расходи

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ и МЖСПП -грант**<br>*напомена: овие средства се предпоставени како грант и веројатно нема да проаѓаат преку буџетот на општината | **15.000.000 ден.** |
| **2.Средства од министерства, агенции и др. институции** | **12.000.000 ден.** |
| **3. Буџет на Општината** | **3.000.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **1.500.000 ден.** |

**Вкупно 31.500.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РСМ и МЖСПП -грант**<br>-Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост | **15.000.000 ден.** |
| **2. Реализација на проекти за кои се очекуваат средства од други институции, агенции,фондови и сл.**<br>-Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница-Трнци и Деловотци<br>-Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно)<br>-Изградба на канализацина мрежа за дел од нас. Грамаѓе<br>-Доизградба и р-ја на канализациона мрежа покрај Д.Река кај Гимназија | **8.000.000 ден** |
| **3. Изградба, доизградба и санација канализациони мрежи со средства од буџетот на Општината, односно ЈП Комуналец**<br>-<br>-Доизградба, реконструкција или санација на постоечки канализации со заедничко вложување на Општината и ЈП Комуналец | **1.500.000,оо** |
| **4. Експропријација** | **1.000.000,оо** |
| **5. Изработка на техничка документација** | **6.000.000,оо** |

**Вкупно : 31.500.000,оо ден.**

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за водоводна и канализациона мрежа за 2024 година на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е изградба, доизградба, реконструкција и одржување на водоводната и канализациоана мрежа, како и осовременување на начинот на мерењето, мониторингот и наплата на услугите од страна на ЈП комуналец како надлежен субјект за стопанисување и управување со мрежата | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.Локална водоводна мрежа** | - изградба<br>- доизградба<br>- реконструкција<br>- одржување на водоводна мрежа | Јануари – Декември 2025 | Локална водоводна мрежа која е изградена, реконструирана и одржувана согласно потребите на жените и мажите во општината | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **54.000.000** |
| | **1.1 Вовед** | Главниот извор и доводни цевководи потекнуваат од м.в. Калин Камен од каде водата доаѓа до главниот резервоар, а потоа гравитационо се дистрибуира кон резервоарите во високите зони Лев и Десен брег на Крива Река. Мрежата во градското подрачје е постојано проширувана и доградувана, со што и водоснабдувањето значително е подобрено. | постојано | Урбаното подрачје е целосно обезбедено со вода за пиење и други потреби што е посебно значајно за граѓаните | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | |
| | **1.2 Техничка документација за водоснабдување** | -Докомплетирање на техничка документација за Изградба на примарен водоводен систем за водоснабдување на дел од локалитет Калин Камен (инфраструктурниот и основниот проект ќе бидат комплетирани во текот на 2024 година, а следната година ќе се работи на геодетски елаборати и постапка за експропријација)<br>-Докомплетирање на техничка документација за водоснабдување на дел од с. Мождивњак преку зафаќање на нов извор во предел на маала Острец. (постапката за одобрување на инфраструктурниот проект се води преку Министерство за транспорт и врски поради тоа што изворите се на територија на општина Кратово)<br>-Докомплетирање на техничка документација за порано изготвени проекти за изградба и реконструкција на водоснабдителни системи со кои располага | Јануари – Декември 2025 | Техничката документација ги зема предвид потребите на жените и мажите при подготовката на детални планови за водоснабдувањето | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **1.000.000 ден.** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општината, а кои би можеле да бидат финансирани преку министерства, агенции и др.институции.<br>-Изработка на техничка документација за доизградба и реконструкција на водоводна мрежа на одредени локалитети од урбаниот дел на општината. | | | | |
| | **1.3 Изградба, доградба и реконструкција на водоснабдителни системи**<br><br>**1.3.1 Проекти наменети за реализација преку грант од Владата на РСМ и МЖС**<br>**1.3.2 Активности на водоснабдителни мрежи предвидени за реализација преку средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец** | **-Изградба и реконструкција на водоводен систем во с. Конопница ( Вирови-Грамаѓе )** (должина од околу 9 км и според податоци од предмер-пресметката од основниот проект кој се уште не е конечен -вредноста е околу 240.000,о евра без ддв)<br>**-Реконструкција и доградба на водоводна мрежа во Крива Паланка (книга 1 и книга 2)**<br>**Книга 1 Реконструкција на градска водоводна мрежа во Крива Паланка**<br>**Книга 2 Доградба на водоводната мрежа за село Конопница и село Градец**<br>Според предмер -пресметка од основен проект вредноста е околу 500.000 евра без ддв. | Јануари – Декември 2025 | Изградени и/или реконструирани водоснабдителни системи со квалитетна вода за употреба на жените и мажите, девојчињата и момчињата согласно планот и документацијата за изградба, доградба и реконструкција | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **51.500.000** |
| | **експропријација** | | | | | **1.500.000** |
| | **2. Локална канализациона мрежа** | Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. | Јануари – Декември 2024 | Локална канализациска мрежа која е изградена, реконструирана и одржувана согласно потребите на жените и мажите во општинат | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **31.500.000** |
| | **2.1 Вовед** | Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област. | Јануари – Декември 2023 | Во урбаниот дел е изградена канализациска мрежа, потребно е повеќе инвестирање во селата и во пречистителни објекти | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2.2 Техничка документација за канализациони мрежи** | -Докомплетирање на документација за продолжеток на лев фекален колектор и изградба на пречистителна станица за предтретман на отпадни води (должина на колектор од околу 10 км и пречистителна станица за околу 20.000 жители) со средства кои се обезбедени преку МЖСПП во износ од 4 мил. ден. и кофинансирање од 1.5 мил од Општината.<br>Исто така планирано е наредната година да се работи и на:<br>-Техничка документација за канализациона мрежа за делови од локалитет Калин Камен<br>-Техничка окументација за канализациона мрежа- нас. Грамаѓе<br>-Докомплетирање на друга од порано изработена техничка документација за канализациони мрежи доколку се појави можност за аплицирање за средства за реализација. | Јануари – Декември 2025 | Техничката документација ги зема предвид потребите на жените и мажите при подготовката на детални планови за канализациската мрежа | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **6.000.000** |
| | **2.3 Изградба, доградба и реконструкција на канализациони системи** | **-Изградба на канализациона мрежа за дел од нас. 8-ми октомври над Маневски Мост** (преку средства обезбедени од грант од МЖС) должина од околу 6-7км и вредност околу 15 мил.денари.<br>-Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница (Трнци, Деловотци) за кои средства од 5 мил. ден. се обезбедени од МЖСПП и кофинансирање од 2.5 мил од општината.<br>-Изградба на канализациона мрежа за локалитет испод детска градинка „Детелинка“ (фазно)<br>-Реконструкција, доизградба или санација на други помали делови и краци од канализациони мрежи преку ЈП Комуналец за кои ќе се појави потреба. | Јануари – Декември 2025 | -Изградени и/или реконструирани канализациски системи согласно потребите на жените и мажите, девојчињата и момчињата и согласно планот и документацијата за изградба, доградба и реконструкција | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Раководител на Одделението | **24.500.000** |
| | **Експрпријација** | | | | | **1.000.000** |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2025 година**.

**Бр.09-6043/27** **Совет на Општина Крива Паланка**

**06.12.2024 година** **Претседател**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска**